Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА МЕДИУМСКА ИНДУСТРИЈА ВО 2017 ГОДИНА

**август, 2018 година**

# Содржина

Вовед....................................................................................................................................3
Структура на вработените во индустријата..........................................................................4
Структура на вработените во МРТ........................................................................................6
Структура на вработените во комерцијалните телевизии.....................................................11
Структура на вработените во комерцијалните радиостаници...............................................17

# ВОВЕД

Структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија за 2017 година е изготвена врз основа на податоците коишто радиодифузерите ги доставија во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми - обезбедување јавност во работењето.

Анализата е направена од аспект на работните места на коишто вработените биле ангажирани во радиодифузерите (новинари, уредници, управители/директори, реализаторски кадар, технички кадар, маркетинг и преостанат кадар), како и од аспект на степенот на образование, полот, статусот (редовен работен однос и хонорарно ангажирани) и нивната етничка припадност.

Во Анализата засебно се обработени податоците за јавниот радиодифузен сервис, комерцијалните телевизии и комерцијалните радиостаници, а предмет на анализа е состојбата на 31.12.2017 година.

Вкупниот број на ангажирани лица кај сите радиодифузери во 2017 година изнесувал 2918 лица, од кои 886 во јавниот сектор и 2032 лица кај комерцијалните радиодифузери.




Во редовен работен однос биле 2324 лица, а останатите 594 биле хонорарно ангажирани.




Во споредба со претходната година бројот на вработени е намален за вкупно 278 лица, и тоа:

- кај јавниот сервис за 19 лица;
- кај комерцијалните телевизии за 225 лица (што се должи на намалениот број на телевизии во анализираната година – осум помалку, во коишто во 2016 година биле ангажирани вкупно 194 лица) и
- кај комерцијалните радиостаници за 34 лица.

Со комплетирано високо образование биле 1394 вработени лица (47,77%), а со завршено средно образование биле 1443 лица (49,45%). Друг степен на образование имале само 81 вработен (2,78%).

60,97% од вкупниот број на вработените биле мажи, а 39,03% биле жени. Најголем број од мажите работеле како реализаторски кадар, а најголем дел од жените биле ангажирани како новинарки.




Од вкупниот број на вработени, 2137 биле Македонци, 598 Албанци, 52 Турци, 48 Срби, 32 Бошњаци, 21 Власи, 16 Роми, а 14 биле од други националности.



# Структура на вработените во Македонската радио-телевизија

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 245 | 185 | 51 | 9 | 231 | 14 |
| Уредници | 81 | 71 | 8 | 2 | 81 | 0 |
| Управители/директори | 5 | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 25 | 9 | 12 | 4 | 25 | 0 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 350 | 60 | 269 | 21 | 323 | 27 |
| Маркетинг | 6 | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |
| Преостанат кадар | 174 | 61 | 87 | 26 | 174 | 0 |
| **Вкупно** | **886** | **396** | **428** | **62** | **845** | **41** |

Вкупниот број на вработени во јавниот радиодифузен сервис изнесувал 886 лица. Од нив, 628 лица биле ангажирани во Македонската телевизија, а 258 лица во Македонското радио.

Во редовен работен однос биле вработени 845 лица, а 41 лице биле со хонорарен ангажман.







Во Македонската телевизија биле вработени 272 жени и 356 мажи, а во Македонското радио пак биле ангажирани 117 жени и 141 маж. Жените биле побројни од мажите кај новинарскиот кадар (за 67 лица), кај уредниците (за 13 лица), кај маркетингот (за две лица) и во категоријата преостанат кадар (за осум лица). Мажите, пак, биле побројни кај реализаторскиот кадар (172 мажи повеќе од жени), управителите (за три лица) и кај техничкиот кадар (23 мажи повеќе од жени).

Учеството на лицата ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар во МРТ изнесувало 39,50%. Во Македонската телевизија на ова работно место работеле 291 лице, а во Македонското радио 59 лица.

Повеќе од половината од овие лица (76,86%) биле со средно образование, додека 17,14% биле со завршено високо образование. Речиси сите реализатори биле во редовен работен однос - 92,29%, а хонорарно ангажирани биле само 7,71%.




Новинарите учествувале со 27,65% во структурата на вработените во јавниот сервис. Од нив, 75,51% биле со завршено високо образование,  а 20,82% биле со средно образование.

Според статусот, најмногу од новинарите биле во редовен работен однос, односно 94,29%, а хонорарно работеле останатите 5,71%.




Најголем дел од реализаторскиот кадар биле мажи со завршено средно образование (56,57%), а најголем дел од новинарите биле жени со завршено високо образование (53,06%).

628 вработени во јавниот сервис биле од македонска националност, 172 од албанска, 32 од турска, 24 од српска, 12 од влашка, шест од бошњачка, пет од ромска и седум биле припадници на други малцински заедници.

41,40% од Македонците биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар , а 25,64% како новинари. Структурата била иста и кај Албанците, односно како реализатори биле ангажирани 34,88% од овие лица, а како новинари 32,56%.



# Структура на вработените во комерцијалните телевизии

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 508 | 413 | 94 | 1 | 377 | 131 |
| Уредници | 91 | 70 | 21 | 0 | 83 | 8 |
| Управители/директори | 52 | 38 | 13 | 1 | 48 | 4 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 172 | 36 | 135 | 1 | 139 | 33 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 467 | 115 | 352 | 0 | 382 | 85 |
| Маркетинг | 77 | 40 | 37 | 0 | 51 | 26 |
| Преостанат кадар | 270 | 84 | 175 | 11 | 197 | 73 |
| **Вкупно** | **1637** | **796** | **827** | **14** | **1277** | **360** |

Вкупниот број на вработени во комерцијалните телевизии во 2017 година изнесувал 1637 лица. Во терестријалните телевизии на државно ниво биле ангажирани 688 лица, во сателитските телевизии на државно ниво 216 лица, во телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа 317 лица, во регионалните телевизии 272 лица и во локалните телевизии 144 лица.

Во редовен работен однос во комерцијалните телевизии биле вработени 1277 лица. Најголем дел од нив работеле како реализатори (382) и новинари (377).

Хонорарно ангажирани биле 360 лица, од кои најмногу биле новинари – 131 лице.







24,72% од хонорарците биле ангажирани во терестријалните телевизии на државно ниво, 21,67% во сателитските телевизии, 18,33% биле хонорарно вработени во телевизиите на државно ниво кои емитуваат преку јавна електронска комуникациска мрежа, 19,17% кај регионалните, а 16,11% кај локалните телевизии.

Освен кај новинарскиот и преостанатиот кадар, каде што биле побројни жените, кај сите останати работни места побројни биле вработените од машки пол. Нивниот број е дури за 335 лица поголем кај реализаторскиот кадар, за 146 лица кај техничкиот кадар и за 34 лица кај управителите.




31,03% од вкупниот број на вработени во комерцијалните телевизии биле новинари, а 28,53% реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.).

Во структурата на вработените кај комерцијалните телевизии, 48,63% биле со завршено високо образование, 50,52% со средно образование и 0,85% со друг вид на образование.

Најголем дел од новинарите биле со високо образование (81,30%). Од нив, 239 биле жени, а 174 биле мажи. Бројот на новинари со завршено средно образование бил значително помал (18,50%).







За разлика од новинарскиот кадар, најголем дел од реализаторите биле мажи со завршено средно образование (75,37%), а високо образование имале само 24,63% од лицата ангажирани на ова работно место.

Во комерцијалните телевизии во 2017 година биле вработени 1173 Македонци, 374 Албанци, 25 Бошњаци, 21 Србин, 18 Турци, 11 Роми, осум Власи и седум лица од други националности.

Најголем дел од Македонците работеле како новинарски (30,72%) и реализаторски кадар (29,45%).

Вработените од албанска националност, исто така во најголем дел биле ангажирани како новинари (33,96%) и реализатори (28,61%).



# Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 160 | 114 | 46 | 0 | 60 | 100 |
| Уредници | 49 | 26 | 23 | 0 | 36 | 13 |
| Управители/директори | 56 | 30 | 26 | 0 | 47 | 9 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 66 | 9 | 55 | 2 | 36 | 30 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 30 | 7 | 23 | 0 | 14 | 16 |
| Маркетинг | 20 | 9 | 9 | 2 | 5 | 15 |
| Преостанат кадар | 14 | 6 | 7 | 1 | 4 | 10 |
| **Вкупно** | **395** | **201** | **189** | **5** | **202** | **193** |

На крајот од 2017 година во комерцијалните радија биле вработени вкупно 395 лица. Во радиостаниците кои емитуваат програма на државно ниво биле ангажирани 80 лица, во регионалните радиостаници 117 лица и во радиостаниците кои емитуваат програма на локално ниво 198 лица.

Кај комерцијалните радија речиси подеднаков бил бројот на вработените во редовен работен однос и оние кои биле хонорарно ангажирани.







Повеќе од половината од лицата во редовен работен однос биле вработени во локалните радиостаници (54,95%). Во радиостаниците коишто емитуваат програма на државно ниво во редовен работен однос биле ангажирани 18,81%, а во регионалните 26,24%.

Хонорарно ангажирани биле 193 лица, од кои најмногу имало во локалните радија – 45,08%, во регионалните – 33,16% и во радиостаниците на државно ниво 21,76%.

59,24% од вработените во комерцијалните радиостаници биле мажи, а 40,76% жени.

Лицата од женски пол биле побројни кај новинарите, каде што бројот на жени бил поголем за 26 лица во однос на бројот на мажи, и кај вработените во маркетинг, каде што биле побројни за шест лица.

Кај инжинерите, техничарите, режисерите, снимателите, монтажерите и другиот реализаторски кадар значително побројни биле вработените од машки пол.

Бројот на мажи вработени како уредници и управители бил двојно поголем од бројот на жени ангажирани на овие работни места.



Во комерцијалните радија високо образование имале 51,14% од вработените. Нивниот број бил најголем во локалните, а најмал во радиостаниците коишто емитуваат програма на државно ниво. Бројот на лицата со завршено средно образование кај радиостаниците на државно и регионално ниво бил еднаков (по 48 лица), а во локалните радиостаници - 92 лица.




Најголем дел од лицата со високо образование биле ангажирани како новинари. Поточно, 71,88% од новинарите биле со високо образование, а останатите 28,12% имале комплетирано средно образование.



Кај вработените со средно образование најбројни биле лицата ангажирани како инжинери и техничари – 55 лица. Со високо образование бил само 13,64% од овој кадар.







Од вкупно 395 вработени, најголемиот дел биле Македонци – 336 лица. Од албанска националност биле ангажирани 52 лица, а бројот на вработени од други националности бил значително мал (тројца Срби, двајца Бошњаци и по едно лице од влашка и турска националност).

Најголем дел од Македонците (42,69%) и Албанците (34,62%) биле вработени како новинари.

Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2017 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Палата Панко  Брашнаров Ул.„Македонија" бр.38, 1000 Скопје
Тел.02/3103-400
www.avmu.mk
contact@avmu.mk